## ПОСЕТА ОД МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО ТУЗЛА, БИХ

На 1.11.2007, на Машинскиот факултет во Скопје престојуваше делегација од Машинскиот факултет во Тузла, БИХ, предводена од Деканот Проф.д-р Изет Алиќ. Притоа беа разменети искуства од процесот на имплементација на ЕКТС, научната и апликативна дејност, како и идеи за понатамошна соработка.

## ПРЕДАВАЊЕ ПО ПОКАНА

На 16 ноември 2007, во Љубљана, Словенија се одржа Конференција „Климатски промени: можност за раст и развој” на Министерско ниво, во организација на Министерството за животна средина и просторно планирање на Словенија, каде присуствуваат околу 200 експерти од институции од земјите на ЕУ, на Југоисточна Европа и Европската Комисија.

На конференцијата, асистент м-р Ана Лазаревска, на покана од организаторите одржа предавање за потенцијалот на Македонија во рамки на механизмот за чист развој, активности и мерки кои ги превзема Македонија во насока на олеснување на имплементацијата на Протоколот од Кјото.

## КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

На 30 октомври 2007 во амфитеатарот на МФ се оддржа еднодневна конференција на тема: „Енергетска ефикасност” во организација на МФ и MACEF. Настанот беше посетен од бројни претставници на индустрискиот сектор и академската средина.

## ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Институтот за акредитација на Република Македонија се стекна со статус на полноправна членка во ЕА (Europian co-operation for Accreditation) на 21 ноември 2007 година. Од земјите кои припаѓаат на Западен Балкан полноправно членство во ЕА имаат само националните тела за акредитација на Република Македонија и Република Хрватска (ИАРМ и НАА).

Претседател на Советот на ИАРМ е проф. д-р Миколај Кузиновски.

Една од главните цели на ЕА е поддршка и промоција на меѓусебно признавање на услугите во областа на акредитацијата и резултатите од оцената на сообразноста што е од особена важност за развојот на економијата во Република Македонија.

## АВСТРИСКА АСО ФОНДАЦИЈА

Австриската фондација за наука и истражување распиша конкурс за проекти и апликации како и грантови за докторски студии. Дополнителни информации на www.aso.zsi.at .

## ЦЕНТАР ЗА ЈАЗИЦИ И ОБУКА

Универзитетот Св.Кирил и Методиј формира Центар за јазици и обука. Центарот стартува од ноември 2007 година и меѓу другите активности организира испити за стекнување на сертификати за компетенции во англискиот јазик ECCE И ECPE, во соработка со Грчко-Американскиот Универзитет од Атина и испитувачи од Универзитетот во Мичиген. Дополнителни информации: cjo@ukim.edu.mk .

## О Т С У С Т В А

Во тек на 11 месец службени патувања во странство заради студиски или стручен престој остварија:

1. Доц. д-р Никола Тунески во Грција, студиски престој на Аристотеловиот Универзитет во Солун.
2. Доц. д-р Ристо Филкоски во Германија, студиски престој на Универзитетот РУМ во Бохум.
3. Доц. д-р Дарко Данев во Словенија, учество на семинар во Љубљана.
4. Вон. проф. д-р Атанас Кочов во Босна и Херцеговина, престој на Универзитетот во Сараево.
5. Проф. д-р Добре Рунчев во Германија, учество на интернационален семинар во Технички универзитет Берлин.
6. Проф. д-р Предраг Поповски и асс. д-р Зоран Марков во Србија, реализирање теренска настава со студенти од Машински факултет.
7. Проф. д-р Константин Димитров, учество на меѓународна средба во Краков.
8. Проф. д-р Стојанчо Стојмановски во Бугарија, присуство на прием на опрема за потребите на ХЕЦ Шпиље во Варна.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**29.11.2007**
**34 СЕДНИЦА НА ННС**

**27.12.2007**
**35 СЕДНИЦА НА ННС**

**06.12.2007**
**Наградување на студентите по ЕКТС во академската 2006/07 година со просек 9.00 и повисоко**
**(сала за конференции, 11:00 часот)**

**08.12.2007**
**Неработен ден**
**“Св. Климент Охридски”**

**20.12.2007**
**Неработен ден**
**Верски празник Курбан Бајрам**

**21.12.2007**
**Неработен ден**
**Ден на настава на турски јазик**

**25.12.2007**
**Неработен ден**
**Верски празник Божиќ**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.*
*Борис Рошков, дипл. ел. инж.*

**Година 2007, ноември, број 65**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## АКТИВНОСТИ

Навлегуваме во втората половина од зимскиот семестар. Наставните активности се наоѓаат во најинтензивната фаза. Веќе се во тек или претстојат првите проверки на знаењето и наученото.

На 26 и 27 ноември на Машинскиот факултет престојуваше директорот на секторот за иновации на Johnson Controls, г-дин Јан Тунисен кој пред студентите на МФ презентираше предлог теми за студентски истражувања, од кои можат да произлезат дипломски и магистерски работи.

## МААА АКТИВНОСТИ

Во организација на МААА-Македонско Американската Алумни Асоцијација, на 8 ноември 2007 година во амфитеатарот на МФ, Амбасадорката г-га В. Нуленд, постојан претставник на САД во НАТО, одржа предавање на тема: *„Година на балканските можности”*. На настанот присуствуваа бројни претставници од дипломатскиот кор во РМ и претставници на академската средина.